МОЈОТ СТАВ

МЕНАЏЕРСКА БАЈКА

# Центричен модел на финансирање со двојно плаќање

ЕМИЛ АЛЕКСИЕВ

Не залажувајте се! „Лувр“ никогаш нема да биде затворен затоа што трпи финансиски загуби, како што Ајфеловата кула нема да биде урната затоа што нејзиното одржување чини повеќе од профитот што го остварува. Зар навистина мислите дека малите приватни галерии во Париз се препуштени самите на себе и не се дотирани од државата? Или можеби мислите дека Кралската лотарија на Англија е најголемиот спонзор на културата во таа земја затоа што сопствениците на Лотаријата се големи љубители на уметноста?

Секаде во светот одговорноста за музеите е одговорност на државата! Нека не ве залажува привидот што приватниот сектор ја финансира културата во западните демократски општествени системи. Ако даночниот обврзник е делумно ослободен од давачките или има други бенефиции што државата ги одредува кога парите директно ги вложува во културата е исто како таа држава да му дала пари на музејот од својот буџет. Сè што е направено е само различно трасирање на патот на парите. На даночниот обврзник му е сеедно, како на Запад така и овде, дали своите пари е принуден да ги вложи непосредно во културата или посредно во буџетот на државата, која пак ќе ги вложи во културата.

Станува збор за општествен договор преку кој се обезбедува заедничкиот интерес (зар верувате дека еден производител на паштети или на автомобилски гуми доброволно ќе се откаже од својот профит во името на возвишените идеали, па дури и да е просветлен љубител на уметноста?). Тоа едноставно е неприродна состојба од гледна точка на некој што остварува профит. За среќа, општеството не се состои само од производители на свињски паштети. Оттаму и потребата од општествен договор што го гарантира надминувањето на железната логика на личната корист.

Постојат два основни модела за финансирање на културата. Во двата модела државата ги регулира односите и создава контролни механизми, ограничувајќи го личниот интерес. Не навлегувајќи во тоа кој модел нуди подобри решенија, неспорен факт е дека во Македонија имаме функционален, стандарден центричен модел на посредно финансирање. Сè додека не склучиме нов општествен договор и не донесеме соодветна легислатива за поинаков модел на финансирање, не можете да очекувате дека приватниот сектор ќе ја финансира културата на поинаков начин (дури и кога нема да има економска рецесија). Прво, во дадените услови тоа е речиси неостварливо (освен ако не станува збор за мал пријателски гест или партиска директива) и значи двојно плаќање (и на државата преку даноци и на установата преку спонзорства и донации) и, второ, со тоа ја амнестирате државата од нејзината одговорност.

Двата модела имаат недостатоци. Посредното финансирање значи дека средствата од даночниот обврзник се движат долго низ административниот лавиринт додека стигнат до целта, губејќи од својата маса. Каде овие пари ќе завршат зависи од тоа каков систем на вредности се применува. Во Македонија тоа е стравотен проблем: постои заговор на неспособните и бездарните, кои по секоја цена се обидуваат да го разурнат до темел секој обид за воспоставување на каков било објективен систем на вредности користејќи ги слабостите на општеството, затоа што во тој случај тие би се нашле на дното од хиерархијата и би ги загубиле наследените или стекнатите позиции на моќ. Сè додека кај нас владеат роднински, роднокрајни, пријателски, етнички и (пред сè и над сè) партиски критериуми, а не критериуми засновани врз резултатите од работењето, ние ќе имаме ваква администрација каква што имаме. Оттаму, ако етаблираниот систем на вредности дивергира во однос на објективниот, тогаш дивергира и финансирањето.

Од друга пак страна, непосредното финансирање на културата подразбира самоиницијатива, ја зголемува мотивацијата на корисниците, масата на средства не се намалува. Меѓутоа, колку што финансиските средства понепосредно се вложуваат во културата, толку државата посредно ги насочува кон сопствените цели. Таа создава само привид на слобода, граѓанска иницијатива и независност на културните установи, употребувајќи пософистицирани механизми, што е наедно и општа карактеристика на доцниот (или развиениот) капитализам како манипулативен општествен систем што го прикрива укинувањето на идејата за култура или самата смрт на културата (прикривајќи го злосторството, како што вели Бодријар).

Во двата модела државата го регулира движењето на финансиските средства. И повторно, ако етаблираниот систем на вредности дивергира во однос на објективниот, дивергира и финансирањето. Без објективен систем на вредности поддржан од државата, сите патишта водат надолу, кон културното дно што станува рамниште на нашето живеење. ■



